УДК 323.282(=163.3:495.6)„1948(049.3)

314.151.3(=163.3:495.6)„1948/98(049.3)

## Браун, Кит. 2012. Македонските деца-дедовци: транснационална политика на меморијата, егзилот и враќањето, 1948–1998, Скопје: Фондација Отворено општество – Македонија, ISBN 978-608-218-155-4

Трудот *Македонските деца-дедовци: транснационална политика на меморијата, егзилот и враќањето*, напишан од Кит Браун е издаден во 2012 година од страна на Фондацијата Отворено општество – Македонија. Студијата е спроведена врз основа на истражувањата во рамките на споредбениот проект „Политиката на меморијата и искуствата на бегалците во Југоисточна Европа“ при Центарот за македонски истражувања и документација во Солун, Грција. Овој труд претставува сублимат на конструирањето на идентитетите, процесот на создавање на заедниците и политиката на сеќавањето во периодот на Граѓанската војна во Грција, како и во поствоениот период во кој всушност се согледуваат карактеристиките на развојот на претходно споменатите полиња на истражување. Книгата е составена од повеќе поглавја во кои се обелоденуваат фактите и заклучоците до кои дошол Браун по неговите истражувања на различни аспекти од животот на децата бегалци од Северна Грција. Накратко ќе се обидам да го резимирам овој труд.

Авторот почнува со краток вовед во кој ги истакнува средбите на децата бегалци. Првиот светски конгрес на децата бегалци бил одржан во 1988 година во Скопје, а Вториот десет години подоцна, во 1998 година, исто во Скопје. Околу 28.000 деца ги напуштиле своите домови во Северна Грција за време на Граѓанската војна. Тие заминале во Југославија и во други источноевропски држави. За мнозинството што проживеале низ тоа, 1948 година, годината кога заминале од родниот крај, има клучна улога во нивните животи. На двата конгреси главна точка била посетата на семејните домови во Северна Грција, што било оневозможено во два наврати од службените лица на грчката граница.

Средбата во 1998 година била еден вид на заземање колективен идентитет, како и комеморација. Припадниците на заедницата и денес се залагаат за своите права. Оваа заедница, која себеси се идентификува како *деца бегалци* е продукт на интересите на државите и поединците, како и на структурата на меѓународната политика. Токму условите и контекстите што довеле до обликувањето на заедницата се тема на овој оглед на авторот. Како извор на информации, Браун се потпира на разговори спроведени од 1992 до 2000 година со повеќемина припадници или потенцијални припадници на оваа група. Поради возраста на некои од децата, а со тоа и неможноста да ги усвојат светогледите на заедниците во кои се родиле, некои од нив гледаат на егзилот како на благослов, со оглед на тоа што во новите земји имале можности за образование и вработување. Истражувањето се фокусира на односот меѓу политиката, културата и идентитетот.

Во понатамошниот тек на трудот, авторот се осврнува на податоци од различни истражувачи, почнувајќи од Џорџ Бишарат и Џули Пети, кои го истражувале палестинскиот случај, Памела Балинџер, која детално го разгледувала случајот со италијанските изгнаници од Истра, па завршувајќи со бегството на децата од Куба во почетокот на 1960-тите години. Авторот ги споредува примерите за да дојде до заклучок дека македонскиот случај има сопствена особена траекторија.

Во продолжение се објаснети историската заднина на креирањето на групата деца бегалци. Фокусот е ставен на врската меѓу Македонија и Граѓанската војна во Грција, како и на односите на Југославија со околните земји и Советскиот Сојуз. Овие меѓудржавни односи ја обликувале заедницата и нејзината историја. Важно е да се напомене дека грчката влада манипулирала со мислењето на јавноста, односно бегството на овие деца било претставено како обид на комунистите да ги одземат децата од нивните родители и да ги „трујат" со комунистички идеи. Овој став бил отфрлен по обелоденувањето на фактот дека повеќе од 8.000 деца живеат со своите родители. Исто така, бројката од 28.000 деца бегалци не е фиксна, бидејќи многу од децата се вратиле во своите домови во Северна Грција по војната, а исто така дел од нив се идентификувале како Грци.

Браун продолжува со дефинирањето на еден од најважните моменти во „бегањето" – поминувањето преку границата. Важен фактор е и тоа што речиси сите наративи започнуваат со идентификување на поранешното село/град од каде што избегал нараторот. Денес местата имаат грчки имиња. Децата бегалци често биле придружувани од млади жени од нивните села, кои биле нарекувани мајки. Исказите на различни информатори се доследни и се совпаѓаат со документираните историски настани од тоа време. Приказната за Ѓорѓи Доневски, кој е автор на монографијата за селото Бапчор, е една од многуте на децата бегалци. Тој ги изнесува неговите лични искуства како дете бегалец во Југославија. Говори за напуштањето на селото, образовниот процес и познавањето на грчкиот јазик, фамилијата, формирањето комисија што требало да помогне при обединувањето на семејствата и конечното обединување со неговото семејство во Скопје, 30 години по немилиот настан.

Политиката играла голема улога во животите на оваа заедница. Поради расколот меѓу тогашните Југославија и СССР, Тито бил свесен за тактиката на Советскиот Сојуз да всади лошо мислење за Југославија кај децата бегалци. Поради тоа тој одобрил враќање на 2.500 припадници на оваа група од Источна Европа во Југославија, на кои им биле нудени станови, вработување и осигурување.

Авторот констатира дека ендогамијата кај Егејците е често застапена. Со ваков пристап кон избор на брачните другари би се задржал идентитетот на заедницата и во наредните генерации; обично тие се горди на своето потекло. Понекогаш се земало предвид брачниот партнер да е „од фамилија". Друга констатација е дека децата бегалци често биле исклучени од мрежите што еден ден би ги поврзале со нивниот потенцијален партнер. Браун продолжува со Егејците од Костурско и Леринско, познати по печалбарството, кои почнале да одат во САД, Канада и Австралија по Втората светска војна. При раскажување на поединечни случки на печалбари и преселеници, можеме да согледаме дека и таму претпочитале ендогамија, а во браковите имала удел и пошироката заедница. Една од најважните димензии на културниот континуитет, што се разликува кај прекуокеанските преселеници, претста-

вува значењето што ѝ се придава на православната црква. Црквата во Австралија има клучна улога во социјалното функционирање на заедницата.

Во заедницата на егејските Македонци има посебни критики кон Тито. Ова е резултат на пропагандата на Информбирото, како и на склучувањето на договор меѓу Југославија и САД за меѓусебна помош во одбраната. Воедно, Титовиот режим добил награда за Граѓанската војна, која еден соговорник на Браун ја проценил на шест милиони долари. Со тоа се оформува мислење дека Југославија заработила од Граѓанската војна на грбот на трагедијата на Егејците.

Во понатамошниот тек на книгата, авторот се осврнува повеќе на активизмот на децата бегалци и на начинот на кој тој се формирал. 1970-тите години биле период кога во југословенската Република Македонија положбата на децата бегалци останала проблематична. Тоа не попречило во намерата за преземање одредени иницијативи за одбележување на егејското наследство. За време на 1980-тите години се зголемила активноста. Во истиот период и во Канада и во Австралија се формираат повеќе организации на обединети Македонци. Во 1988 година во Скопје се одржала „Првата средба на деца бегалци од егејскиот дел на Македонија“. Комунистичката власт се обидувала да го контролира текот на средбата, односно да го попречи нејзиното влијание. По одржувањето на средбата, во паркот „Жена борец“ бил откриен споменик. Овој замав помогнал да се основат нови здруженија, како Републичкото здружение на децата бегалци од егејскиот дел на Македонија (во натамошниот текст ЗДБ). Основната цел на оваа организација била заштита на човековите права и заштита на имотните права на Македонците од Егејска Македонија.

По осамостојувањето на Македонија доаѓа до зголемување на конфликтот со Грција при изгласувањето на новиот македонски Устав, каде што стои дека Македонија ќе се грижи за Македонците надвор од нејзините граници. Исто така, изборот на новото знаме и самото име на државата претставувале поле на конфликт. Во првите години независност на Македонија, влијанието на „егејското лоби“ било слично на влијанието на опозицијата, а дописите од ЗДБ до меѓународни организации поминувале без одговор.

Авторот во своето дело обраќа внимание и на потеклото на Егејците. Истакнува дека Егејците од Битола најчесто водат потекло од Леринско, оние од Штип потекнуваат од Воденско, а Егејците од Скопје од Костурско.

За ЗДБ и за Здружението на Македонци во Полска најважно е прашањето околу дозволата да се посети „стариот крај“. Именувањето на селата и родните краишта во пасошите е поле на раскол меѓу Егејците и политиката на Грција. Едните сакаат во пасошот да стојат словенските, стари имиња на родните села, а Грците не даваат дозвола така да се помине границата. Во средината на 1990-тите бил направен обид за консолидација, кога организации од Струмица, Радовиш и Штип, заедно со ЗДБ и Форумот за човекови права од Скопје потпишале договор за соработка. Тогаш почнало да се објавува списанието „Незаборав“.

Во 1998 година се одржала Втората средба на децата бегалци во Скопје. Киро Глигоров ја отворил средбата на којашто учествувале и антрополози, како и филмскиот творец Џил Даниелс, чиј филм „В година во Лерин“ бил изработен наредната година и содржел снимки од настанот. На средбата се избегнувале претерани провокации кон Грција. Излегла декларација во која стои дека на децата бегалци од Северна Грција неправедно им биле одземени наследството, имотот и државјанството.

За разлика од ЗДБ, авторот истакнува дека здружението во Битола е порадикално. Различните нагласки на одредени групи служат како потсетник дека егзилот и загубата се доживуваат различно.

Промената на власта во Македонија имала големо влијание врз политиката на друштвата. Со доаѓањето на ВМРО на власт се забрзале односите со Грција и Албанија во однос на македонското прашање. Но, никакви конкретни чекори не биле преземени во корист на егејското лоби во републиката. Се верува дека највисоката бројка луѓе со егејско потекло е 200.000. Дел од нив почнале нови животи, подзаборавајќи на минатото, другиот дел го нагласува токму тоа минато на коешто се горди.

Авторот заклучува дека причината за солидарноста на припадниците на оваа група е претрпената неправда. Првото поколение на оваа група е веќе во пензионерски години. Некои тврдат дека Грција чека оваа генерација да изумре, во надеж дека со тоа ќе изумре и нивното прашање.

Книгата *Македонските деца-дедовци: транснационална политика на меморијата, егзилот и враќањето* е важен придонес кон литературата поврзана со Граѓанската војна во Грција и заедницата на децата бегалци што се јавува како нејзин „производ“. Браун се осврнува на најважните аспекти на животот на децата бегалци и преку тоа прави ретроспектива на еден долгогодишен период од големо значење за балканската историја. Самиот истакнува дека прашањето за оваа група е недоволно нагласено во рамките на меѓународната заедница, во исто време алудирајќи на прашањата за сите бегалци низ светот. Овој труд е поткрепен со голем број информации и истражувања и претставува вистинска основа за почеток на проучување на темата за децата бегалци од Северна Грција.

**Андреј Татарчевски (Македонија)**
**Институт за етнологија и антропологија,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**е-маил: andrejtatar@gmail.com**